ОХРИД SOS

**До:** **Министерство за култура**

**Предмет:** **Коментари кон Предлог на закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион**

**Подносител:** **Граѓанска иницијатива Охрид SOS**
ohridsos@gmail.com

**Датум:** **20 февруари 2026 г.**

Врз основа на побарано мислење од Министерството за култура доставено до Граѓанската иницијатива Охрид SOS по електронски пат на 09.02.2026 г., а без наведување на рок за одговор, доставуваме коментари кон *Предлог на закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион*. Бараме аргументирано да се одговори на сите коментари, вклучително и на генералните забелешки и прашања. Очекуваме сите сугестии да бидат имплементирани во насока на создавање квалитетна законска рамка која ќе гарантира заштита на светското наследство на Охридскиот Регион.

| **ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ** |
|---|
| Коментарите во прилог се насочени кон адресирање на суштински проблеми во предметното законско решение и обид да се надминат суштинските проблеми кои во сегашната состојба се неможни да се надминат без сериозно реструктурирање.<br><br>1. И во оваа законска верзија, светското наследство не се третира како интегрален систем, туку институционално раздвоено како природно и културно. Во ова законско решение останува клучниот проблем – управувањето и контролата се распарчени меѓу различни органи, без воспоставен јасен и обврзувачки механизам за заедничка процена, спроведување. Отсуството на ваков механизам значително е крајно загрижувачки бидејќи ја ослабува ефективноста на законот и не обезбедува целосна заштита на мешаното светско наследство. Формирањето на централно управувачко тело е клучно за координација, супервизија и навремено преземање корективни мерки, обезбедувајќи реална имплементација на законот и планот за управување.<br><br>2. Составот на Комисијата составена од избраници на министрите и општински бирократи ја поткопува нејзината функција како стручно и независно тело и не може да го гарантира интегритетот и независноста потребна за управување со светското наследство. Без редефинирано, експертско и независно членство на Комисијата, законот ќе остане формален и неефикасен, неспособен да обезбеди реална контрола и супервизија врз светското наследство.<br><br>3. Повторно се пропушта можноста да се воведе оцена на влијанието врз наследството, согласно барањата на УНЕСКО. Наместо тоа, се користи Оцена на влијанието врз животната средина и заштитно-конзерваторски услови, кои се несоодветни во контекст на светското наследство. |

Дополнително, во пракса овие механизми се применуваат недоволно квалитетно, особено имајќи го предвид застарениот и проблематичен Закон за животна средина.

4. Нацрт-законот не предвидува воведување на суспензивно дејство ниту автоматски правни последици. Отсуството на вакви механизми овозможува формално почитување на обврските кон Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, но фактички го поткопува нивното спроведување и не обезбедува ефективна заштита на мешаното светско наследство.

5. Пропуштено е да се воведат посебни одредби за надомест на штета предизвикана со реализација на штетни проекти, ниту механизми за санација или реституција на нарушеното природно и културно наследство. Отсуството на вакви одредби значително ја ослабува ефективноста на законот и не обезбедува целосна заштита на исклучителната универзална вредност.

6. Во нацрт-законот целосно се игнорираат веќе издадени или одобрени документи, проекти и планови. Како резултат, пропушта да воведе механизам за нивна ревизија и повторна оценка, со што се остава можност за правни несогласувања, недоследности во управувањето со наследството и потенцијално поголема штета врз природното и културното наследство. Ревизијата на овие документи е неопходна.

| **СЕГМЕНТ ОД ЗАКОНОТ** | **ПРЕДЛОГ-ИЗМЕНА** | **ЗАБЕЛЕШКА** |
|---|---|---|
| **Член 5, точка 1** | Се менува и гласи:<br><br>1. „Природно и културно наследство во Охридскиот регион“ се природни и културни материјални и нематеријални добра и вредности наследени од минатото, непроценливи и незаменливи феномени на човекот и природата кои припаѓаат на човештвото, со универзална исклучителна вредност, и кои како такви се пренесуваат на идните генерации и се заштитуваат во согласност со овој закон. | Со цел дефиницијата да се приближи на линија утврдена со Конвенцијата за светско наследство на УНЕСКО. |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 5,**<br>**нова точка 10** | Се дополнува со точка 10 која гласи:<br><br>„Урбана трансформација во Охридскиот регион“ се дејствија на изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, изградба и легализација на бесправно изградени објекти и дејствија на просторно разработување и спроведување на просторните и урбанистички планови и друга урбанистичка планска и планско-проектна документација, во границите на природното и културното наследство во Охридскиот регион од член 7 став (1) од овој закон. | Во третиот параграф од I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ стои дека со предлог-законот се дефинираат поими, меѓу кои и „урбана трансформација на Охридскиот регион“, но во член 5 отсуствува дефиницијата на овој поим. |
| **Член 6,**<br>**став (5)** | Најверојатно се мисли на **одреден**, не одделен.<br><br>(5) Доколку е загрозена популацијата на одделен вид или живеалиште... | |
| **Член 6,**<br>**став (5)** | Се менува и гласи:<br><br>(5) Доколку е загрозена популацијата на одреден ~~одделен~~ вид или живеалиште во границите на Охридскиот регион од член 7 став (1) од овој закон, со што природното наследство деградира ~~се доведува во состојба на опасност~~, надлежното управувачко тело е должно да преземе посебни мерки и режим на управување заради обезбедување привремена или трајна заштита, согласно Законот за заштита на природа и прописите донесени врз основа на истиот. Доколку управувачко тело не постои или не е во можност од кадровски, финансиски или други причини, постапува Министерството за животна средина и просторно планирање. | Кога природното наследство е доведено во состојба на опасност, тоа значи дека деградацијата се случува подолго време или станува збор за исклучителен настан на загрозување. Доколку МЖСПП реагира дури кога природното наследство е во состојба на опасност, тоа значи дека не се реагирало навремено и соодветно. Ставот треба да се измени со тоа што секој знак на загрозување на заштитени видови и живеалишта, ќе резултира во преземање соодветни мерки.<br>Но, сметаме дека оваа задача треба првенствено да им се даде на управувачките тела со оглед дека тие работат на терен, мониторираат и управуваат и се непосредно засегнати од унапредување на состојбата. Единствено во случај кога тоа е неможно, треба да се ангажира МЖСПП. |
| **Член 6,**<br>**нов став (5)** | Во врска со став (4), членот 6 се дополнува со нов став (5). Сега став (5) станува став (6) итн. | Ставот (4) како што е формулиран е недоволен бидејќи укажува на мислења и предлози на Комисијата само во врска со оние утврдени од „надлежните органи на |

| | | |
|---|---|---|
| | (5) Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, донесува препораки за примена на мерки за управување, на општи забрани и режим на заштита, кои субјектите од став (2) на овој член се должни да ги спроведат, во рамки на своите надлежности утврдени со закон. | државната управа, на единиците на локалната самоуправа и надлежните установи и институции“ во став (3) на овој член. Меѓутоа, Комисијата може да наметне ограничувањата и самоиницијативно, независно од субјектите во став (3), повеќе, како што е регулирано со член 9, став (1). |
| **Член 6, став (7)** | **Став (7) од предлог-законот се брише:**<br><br>(7) Во случаи кога не е донесена просторна, урбанистичко планска и планско-проектна документација во согласност со овој, преземањето на мерки на непосредна заштита со кои посредно или непосредно може да се влијае врз интегритетот на природното и културното наследство во Охридскиот регион се врши со издавање на заштитно-конзерваторски услови, кои ги издава Министерството за култура и туризам - Управа за заштита на културното наследство во постапка пропишана со Законот за заштита на културното наследство.<br><br>**На негово место доаѓа нов став (7) кој гласи:**<br><br>(7) Во случаи кога не е донесена просторна, урбанистичко-планска и планско-проектна документација во согласност со овој закон и со Планот за управување, а предложените активности, зафати или проекти можат директно или индиректно да влијаат врз интегритетот, автентичноста и атрибутите на исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот регион, преземањето мерки на непосредна заштита се врши исклучиво врз основа на претходно спроведена оцена на влијанието врз наследството. | 1. Вака формулираниот став секако е недоволен и не може да се однесува само на културното, а да го занемари природното наследство. Со тоа се создава правна празнина што е во директна спротивност со концептот на Исклучителна универзална вредност, кој подразбира нераздвојна поврзаност меѓу природните и културните атрибути.<br>2. Ваквата формулација овозможува спроведување на активности и проекти во услови на отсуство на планска документација, без јасен, строг и транспарентен контролен механизам. Наместо системска процена, се предвидува издавање на заштитно-конзерваторски услови како единствен инструмент, што отвора простор за површно толкување на режимите за заштита, административни компромиси и одлуки донесени под институционален или неформален притисок, надвор од јавен надзор.<br>3. Особено проблематично е што во предложениот став не се прави разлика меѓу нови и претходно одобрени, но нереализирани проекти. Практиката во Охридскиот регион покажа дека токму ваквите проекти претставуваат најголем ризик за интегритетот на наследството, што јасно се потврдува преку конкретни примери како изградбата на новиот хотел во Парк, во Горица и други интервенции со сериозно негативно влијание.<br><br>4. Изостанувањето на задолжителна оцена на влијанието врз наследството е |

ОХРИД SOS

| | | |
|---|---|---|
| | Оцената од ставот (1) на овој член се спроведува на стратешко и/или проектно ниво, во зависност од видот на планот или зафатот, и претставува задолжителен услов за издавање заштитно-конзерваторски, еколошки или друг вид согласност.<br><br>Заштитно-конзерваторски услови може да се издадат само по позитивна оцена на влијанието врз наследството и по претходно прибавено мислење од органот надлежен за заштита на природата, како и од Комисијата за управување со наследството во Охридскиот регион.<br><br>Проекти, планови и зафати одобрени пред донесувањето на Планот за управување, а кои не се реализирани, подлежат на задолжителна ревизија со оцена на нивното влијание врз наследството, без оглед на претходно издадени одобренија. | во спротивност со јасните препораки и одлуки на Комитетот за светско наследство. Во точка 5-а од Одлуката 45 COM 7B.104 (2023) експлицитно се бара: „Измените на Деталните урбанистички планови и одобрувањето на плановите за локален развој надвор од населените места ќе бидат суспендирани додека не се изврши оцена на влијанието врз наследството на стратешко ниво и не се покаже дека атрибутите кои лежат во основата на ИУВ не се засегнати од овие планови.“<br><br>5. Без задолжителна ревизија и оцена на влијанието, законот фактички овозможува легализација или реактивирање на штетни проекти кои биле одобрени во период на институционални слабости, спротивно на целта на Планот за управување и на меѓународните обврски на државата. |
| **Член 8 Управувачко тело** | Овој предлог-закон како и постоечкиот има суштински недостаток, а тоа е, го регулира управувањето без управувачко тело. Поради тоа неопходно е да се воведат соодветни клаузули. За управување со заштитеното подрачје на светското наследство треба да постои формално утврдено управувачко тело (во форма која ќе се определи). Истото треба да има постојан, посветен, стручен кадар чија основна функција ќе биде раководење, мониторинг, носење одлуки и преземање дејствија во насока на рехабилитација и трајна заштита на светското наследство. | Како што стои во извештајот од проценката на Бернската конвенција врз основа на кој беа изработени препораките од 2023 г., „Решавањето на недостатоците бара формирање на тело со одлучувачки и извршни функции за управување базирано на ИУВ на целото подрачје на светското наследство; директно државно финансирање за заштитеното подрачје“.<br><br>Комисијата е пред сѐ консултативно тело во функција на управувањето, но таа не е управувачко тело, нема свој кадар, се состанува периодично и управувачката функција не може ни да ја врши. Немањето централно управувачко тело за подрачјето на светското наследство може да се смета за еден од главните виновници за состојбата на хаос, некоординираност, неусогласеност на ниво на институции и легислатива, неотчетност, неодговорност, неисполнување и постојано одлагање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | препораките, и за сѐ покатастрофалната состојба на Охридскиот Регион. Управувачкото тело ќе овозможи координација на сите активности, а нив веќе ги има многу следејќи го планот за рехабилитација, ќе овозможи следење и супервизија на исполнувањата на секоја институција, навремено преземање корективни мерки, ќе обезбеди поголема сигурност во имплементацијата на овој закон и следењето на планот за управување. |
| **Член 8 (општо)** | Генерално, согласно описот на делокругот за работа на Комисијата, тоа е стручно тело кое треба да демонстрира експертиза, објективност и независност. Интегритетот на неговите членови, што е утврден меѓу другото и со изборот на истите не смее да биде компромитиран. Вака предложениот состав на Комисијата ја повторува грешката потврдена од досегашното искуство, а тоа е состав високо компромитиран со лојалност кон сопствената афилијација, особено претставниците на општините кои членството во Комисијата го користат не за исполнување на должност дадена со изборот за член во Комисијата туку за туркање на интересите на институцијата која ја застапуваат, дури и кога е тоа потврдено на штета на светското наследство, па дури и лобирање за интересот на инвеститори.<br><br>Доколку со овој закон навистина се носи со цел да биде носечка правна рамка која конечно ќе ја спречи деградацијата на Охридскиот Регион, составот на Комисијата мора да биде редефиниран.<br><br>Комисијата не може да има значителен број членови од засегнати-интересни страни (некои се бираат според дискреционо право на министри), туку исклучиво експертско тело кое ќе го има | |

| | | |
|---|---|---|
| | последниот збор кога се работи за светското наследство.<br><br>Доколку државата сака да демонстрира разбирање на сериозноста на состојбата со светското наследство и решеност да го смени курсот на управување, наместо да создава лажна претстава и овозможи натамошна деградација, ќе мора да се одважи со создавање тело кое нема да биде под нејзина сенка и контрола, рака под рака со локалните власти. | |
| **Член 8, став (2), точка 2, 3, 4** | Од сите точки се брише „на предлог од министерот“ и гласат:<br><br>Точка 2: еден претставник ~~на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање~~, од редот на истакнати научни и стручни работници од областа на заштита на природното наследство,<br><br>Точка 3. еден претставник ~~на предлог на Министерство за култура и туризам-Управа за заштита на културното наследство,~~ од редот на истакнати научни или стручни лица од областа на заштитата на културното наследство,<br><br>Точка 4. еден претставник ~~на предлог на министерот за транспорт,~~ од редот на истакнати научни или стручни работници од областа на просторното и урбанистичкото планирање, | Не смее да се дозволи изборот на стручните лица во Комитетот да подлежи на дискреционо право на министер или владино тело. Со тоа се доведува во прашање пристрасноста, постои зголемен ризик од коруптивност итн.<br><br>Членовите на Комисијата не мора да бидат со нужна афилијација во домашна институција, туку и независни експерти за кои задолжително би се барало звање Доктор на науки.<br><br>Стручните лица мора да бидат независни и селекцијата да биде направена на ниво на стручната институција според компетентност. (види следен коментар) |
| **Член 8, став (2), точка 2, 3, 4** | Членовите на Комисијата за Охридскиот регион од став (2) точка 2, 3 и 4 се избираат по пат на јавен повик согласно претходно донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за избор. Доколку на јавниот повик не се пријават кандидати, или пријавените кандидати не ги исполнуваат условите од став (2) точки 2, 3 и 4 на овој член, се именуваат со повик до релевантни | Види образложение кон Член 8 (општо) и претходно Член 8, став (2), точка 2, 3, 4. |

| | | |
|---|---|---|
| | стручни или научни институции, по предлог на самата институцијата.<br>Секоја институција претставникот во Комисијата го избира согласно претходно донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за избор. | |
| **Член 8, став (2), точка 6, 7, 8** | Се исфрлаат членовите „на предлог од градоначалникот" и се менуваат со претставници на стручни институции по предлог на институцијата.<br><br>Наместо бирократи на општините, во Комисијата треба да се вметнат членови од стручни институции и тоа:<br><br>- Хидробиолошкиот институт – Охрид<br>- Македонското еколошко друштво<br>- Природно-математичкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – утврдени струки<br><br>Присуството на претставници на општините да биде дополнително регулирано со дозволено учество, но без право на глас. | 1. Назначување членови од општинската администрација во советот кој треба да одлучува за проекти/предлози кои ги предлага општината претставува експлицитен конфликт на интереси. Изземањето од гласање е недоволно. Од досегашната работа на Комисијата за управување со Охридскиот Регион е сосема евидентно дека општините преку своите претставници ги застапуваат своите интереси на сметка на светското наследство, водат расправа и инсистираат на плановите/проектите кои ги предлагаат, дури и кога стручните лица аргументираат поинаку, што директно влијае на гласањето. Овие интереси некогаш се взаемни, па општините можат со взаемна поддршка да влијаат на позитивно или условено позитивно мислење, кога тоа не треба да се даде, односно кога проектот треба да се отфрли. Треба да се напомене дека дополнително, овие лица не нужно се компетентни кога станува збор за светското наследство, по правило немаат никаква експертиза во областа на природното наследство, пристрасни се кон домицилната институција чијшто доминантен интерес е што поголема урбанизација како извор на финансии.<br><br>Досега, на терен општините Охрид и Струга демонстрирале некомпетентност што се гледа секојдневно. Од донесувањето на Планот за управување со Охридскиот Регион во 2020 година, општините не ја презеле улогата на прв филтер на штетни планови и спроведувачи на Планот за управување на што се обврзани со закон, |

| | | |
|---|---|---|
| | | туку напротив, истите само ги проследуваат до Комисијата. Поради тоа, Комисијата како стручно тело никако не може да биде коректив на општините и нивно насочување во насока на заштита на светското наследство доколку во него членуваат и одлучуваат претставници на истите.<br><br>2. Алтернативно, наместо претставници на општините, може да се номинираат членови од управувачките тела на заштитените подрачја Охридско Езеро и Студенчишко Блато. Со тоа сепак се дава можност за општински претставници (со оглед на предвидената структура на управувачките тела) да бидат членови на Комисијата и тоа треба да е апсолутниот дозволен максимум. |
| **Член 8, став (2)** | Составот на Комисијата да се прошири за уште еден член - претставник од Хидробиолошкиот институт – Охрид. | Независно од погоре споменатата реорганизација на Комисијата, Хидробиолошкиот институт мора да биде дел од Комисијата. Непоимливо е во Комисијата воопшто да нема претставник од најрелевантната стручна институција за Охридското Езеро. Овој пропуст ќе го сметаме за ненамерен и очекуваме да биде коригиран во конечната верзија на овој закон. |
| **Член 8, нов став (3)** | Се дополнува со нов став (3), сега став (3) станува став (4) итн.<br><br>(3) Членовите на Комисијата за Охридскиот регион од став (2) точка 2, 3 и 4 се избираат по пат на јавен повик согласно претходно донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за избор. Доколку на јавниот повик не се пријават кандидати, или пријавените кандидати не ги исполнуваат условите од став (2) точки 2, 3 и 4 на овој член, се именуваат со повик до релевантни стручни или научни институции, по предлог на самата институцијата. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Секоја институција претставникот во Комисијата го избира согласно претходно донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за избор. | |
| **Член 8, став (8), алинеја 3** | Се менува и гласи:<br><br>ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело ~~на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци~~ или ако е осуден со правосилна судска пресуда за дело кое го засега светското наследство. | Со условот „правосилна судска пресуда за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци“, практично се дозволува и лице со утврдена повеќекратна кривична одговорност да биде член на Комисијата, сè додека не е осуден на безусловна казна затвор. Инсистираме дека утврдената кривична одговорност треба да биде доволен критериум за едно лице да не може да одлучува за судбината на природното и културното наследство од глобална важност.<br><br>Неопходно е условот да важи не само за кривични дела, туку воопшто за дела кои го засегаат светското наследство. Имено, во минатиот состав на Комисијата, со години членуваше лице за кое има правосилна судска одлука од Виш Управен суд за нелегална градба на сместувачки објект на самиот брег на Охридско Езеро.<br>Немањето одговорност за зачувување на светското наследство, мора изричито да води кон изземање на правото тоа лице да биде член на Комисијата. |
| **Член 8, став (14)** | Проблематична ставка, која може да стои само доколку се имплементираат предлог измени кон Член 8, став (2), точка 6, 7, 8 наведени погоре.<br><br>(14) Претседателот, заменикот на претседателот и членовите на Комисијата за Охридскиот Регион, како и експертите од ставот (13) на овој член, до Владата на Република Северна Македонија **доставуваат изјава дека немаат судир на интереси** во однос на нивното учество во работата на Комисијата за Охридскиот регион. | Противречно на став (14), со став (15), (16) и (17) од член 8 се обидува да се регулира судирот на интереси кој членовите не би требало да го имаат согласно став (14). По правило, секој проект/план кој се разгледува за дадена општина, повлекува конфликт на интереси во однос на членовите на истата. Тоа го видовме во претходното работење на Комисијата при што претставниците на општините упорно туркаа да се одобрат проекти за кои стручните членови на Комисијата не одобруваа, а згора на тоа беа во конфликт со наодите на експертскиот тим кој |

| | | |
|---|---|---|
| | | служеше како советодавно тело на Комисијата. Изземањето од гласање не е решение бидејќи овие членови жестоко лобираа, а вршеа и притисок за добивање позитивно мислење. Иронијата е што претставниците на општините, наместо самите да бидат репер за заштитници на светското наследство, своето членство (дали од некомпетенција или други причини) го користат за цели спротивни на целите на Комисијата.<br>Единствен начин да се избегне судир на интереси е тие да не бидат назначени директно од самата општина. |
| **Член 8 дополнителни ставови** | Да се вратат ставовите од претходната предлог-верзија на законот и тоа:<br><br>(12) Комисијата за Охридскиот регион може да работи ако на седницата се присутни мнозинството од членовите на Комисијата за Охридскиот регион.<br><br>(13) Комисијата за Охридскиот регион одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата за Охридскиот регион. | Неопходно е начинот на одлучување да биде законски регулиран, а не предмет на арбитрарни и скриени од јавноста измени на деловникот за работа. |
| **Член 9, стаав (1)** | Се дополнуваа со точка 16 која гласи:<br><br>16. Иницира постапка за утврдување на штета и финансиска компензација, доколку утврди дека со одредена активност, план, проект или пропуст е предизвикана штета врз природното и/или културното наследство во Охридскиот регион. | Комисијата, како стручно и интерсекторско тело, мора да има овластување самостојно да иницира постапки кога ќе утврди ризик или штета по исклучителната универзална вредност, со цел да се обезбеди навремена и ефективна заштита. |
| **Член 9, став (2)** | Се менува и гласи:<br><br>(2) За следење на спроведувањето на планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, плановите за рехабилитација и акциските планови од годишните извештаи, Владата на Република Северна Македонија ангажира стручни | |

| | | |
|---|---|---|
| | лица од областа на заштитата на природата односно од областа на заштитата на културното наследство. | |
| **Член 9, стаав (3)** | Сега став (3) се дели на став (3) и став (4) кои гласат:<br><br>(3) Работата на Комисијата е јавна. Седниците на Комисијата за Охридскиот регион се отворени за јавноста и на нив, без право на глас, може да учествуваат претставници на научни, образовни и стручни установи, и други заинтересирани страни, граѓански организации и групи, претставници на медиумите и јавноста. Седниците навремено се најавуваат на интернет страницата на Владата на Република Северна Македонија заедно со сета документација и дневен ред за дадената седница.<br><br>(4) Мислењата, ставовите, предлозите и документите кои произлегуваат од работата на Комисијата за Охридскиот регион, се објавуваат на интернет страницата на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на одржување на седницата на Комисијата за Охридскиот регион.<br><br>Сега став (4) станува став (5). | „Работата на Комисијата е јавна." може да се однесува само на последователниот текст т.е. дека документите се објавуваат јавно. Тоа не е доволно. Јавноста мора да има законски гарантирано право да присуствува на седниците на Комисијата. Не смее со вака нејасна формулација во новиот закон на јавноста да ѝ се ускратува правото кое со постоечкиот закон го има. Тоа директно засега во елементарните граѓански права утврдени со Уставот, законите и Архуската конвенција. Воедно, неопходно е заинтересираните да имаат увид во документацијата за предметите кои ќе бидат разгледувани на седницата пред нејзиното одржување со цел да можат информирано да ја следат. |
| **Член 9** | Конкретно да се наведе класификација на мислењата кои Комисијата може да ги даде. | Неопходно е да се стандардизираат мислењата со јасни нормативи што тие значат (пр. позитивно со услов итн. согласно одлуката). |
| **Член 11, став (4), точка 9** | Точка 9 се дополнува и гласи:<br><br>9. план за мониторинг, вклучително и мониторинг на ефективноста на мерките од член 6, став (5) на овој закон. | Дополнувањето е во насока на обезбедување правна рамка за исполнување на мерките регулирани со член 6, став (5) од овој закон. |
| **Член 11, став (5)** | Се дополнува и гласи: | Дополнувањето е во насока на обезбедување правна рамка за |

| | | |
|---|---|---|
| | (5) Составен дел на планот за управување се и посебните програми поврзани со остварување на целите од член 3 од овој закон. Составен дел се и анекси за видови кои во периодот за кој важи постоечкиот план за управување станале загрозени.*<br><br>*Поимот „загрозен“ се дефинира согласно Црвените листи на (1) национално), (2) европско или (3) меѓународно ниво. За видовите и живеалиштата за кои нема Црвени листи или има недостиг на податоци, одлучуваат експерти од соодветната област. | исполнување на мерките регулирани со член 6, став (5) од овој закон, но уште повеќе за синхронизација на управувањето со реалната состојба. Воедно ќе помогне и за професионална изработка на оцените за влијанието врз наследството. |
| **Член 11, став (6)** | Се дополнува и гласи:<br><br>(6) Визијата, режимот на заштита, мерките и активностите содржани во планот за управување се интегрираат во сите развојни стратегиски, плански и програмски документи за Охридскиот регион. Веќе донесените документи се ревидираат во рок од три месеци од стапувањето во сила на овој закон. | |
| **Нов член 12-а** | Законот се дополнува со нов член кој гласи:<br><br>Член 12-а<br>(1) Доколку Комисија за Охридскиот регион утврди постоење на ризик по исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот регион, сите управни, плански и одобрувачки постапки поврзани со активности, планови или проекти кои можат да имаат влијание врз наследството имаат суспензивно дејство по сила на закон.<br><br>(2) Постапките од ставот (1) не можат да се финализираат сè додека не се обезбеди дека утврдениот ризик е целосно отстранет или сведен на ниво | Постојната законска формулација овозможува донесување одлуки и издавање согласности без обврска претходно да се утврди дека исклучителната универзална вредност (ИУВ) не е засегната, што е спротивно на основните принципи за заштита на мешано светско наследство.<br><br>- Недостатокот на јасно утврдено суспензивно дејство создава правна празнина во која:<br><br>- Негативното мислење нема автоматска последица, |

| | | |
|---|---|---|
| | што не ја загрозува исклучителната универзална вредност.<br><br>(3) Секој поединечен акт или одлука донесени спротивно на ставот (2) од овој член се сметаат за ништовни и не произведуваат правно дејство. | - Постапките можат да продолжат паралелно,<br><br>Се овозможува фактичка реализација на штетни зафати пред целосна проценка. |
| **Член 14, став (2)** | Се дополнува и гласи:<br><br>(2) Комисијата за Охридскиот регион најдоцна до 1 март во тековната година, за претходната година, до Владата на Република Северна Македонија го доставува годишниот извештај на усвојување. Извештајот се става на разгледување на следната владина седница. | - Неопходно е извештајот да биде усвоен што поскоро со цел мерките во акцискиот план да можат навремено да бидат адресирани. |
| **Член 14, став (3)** | Се дополнува со нова точка 2 која гласи:<br><br>„анализа на динамиката и ефектите од спроведување на акцискиот план од годишниот извештај.“<br><br>Сега точка 2 станува точка 3 итн. | Имено, годишниот извештај утврден со член 14 од овој закон, во став (4) предвидува акциски план, но не утврдува механизам за следење на неговото исполнување. На тој начин утврдените слабости од реализацијата, би се адресирале со акцискиот план за следната година. Во спротивно, наведениот акциски план може да служи про-форма (за потребите на владините извештаи до УНЕСКО) наместо за реално унапредување на управувањето. Имено, до сега се изработени многу акциски планови кои не се реализираат со години. |
| **Член 16, став (2)** | **Став (2) се брише.**<br><br>Министерството за транспорт и градоначалниците на општината Охрид, на општината Струга и на општината Дебрца се должни предлог актите од член 9 став (1) точка 9 од овој закон, кои се во нивна надлежност, со барање за мислење да ги достават до Комисијата за Охридскиот регион, **најмалку 30 дена** пред да започнат со спроведување стручна расправа, јавна презентација или јавна анкета по истите, во постапка | Став (2) е само копија на став (1) од истиот член, со единствена разлика што во него стои „најмалку 30 дена“.<br><br>Важно е да се брише став (2), а не став (1) од причина што:<br><br>1. Рокот од 30 дена може да биде во колизија со став (9) според кој „субјектите од ставовите (5) и (8) на овој член се должни да постапат по мислењето на Комисијата“, бидејќи тоа значи дека |

| | | |
|---|---|---|
| | пропишана со Законот за урбанистичко планирање. | постапката не може да продолжи доколку субјектите не постапиле по мислењето.<br><br>2. Мислењето на Комисијата од став (3) на овој член може да изискува корекции во предложените урбанистички решенија. Стручна расправа, јавна презентација или јавна анкета не може да се организира за план/проект кој не е во конечна предлог-форма, уште повеќе за план кој е во колизија со начелата за заштита на светското наследство.<br><br>Вака формулираниот став во предлог-законот овозможува постапката да продолжи доколку Комисијата не издала мислење во рок од 30 дена од доставување на документацијата (што не се ни преклопува со 30 дена кои Комисијата ги има за формирање мислење). Неопходно е сите постапки за донесување на планска документација да сопрат сè додека не се добие мислење од Комисијата. Во спротивно се остава огромен простор за манипулација и носење на несоодветни плански решенија. |
| **Член 16, став (7)** | Се дополнува и гласи:<br><br>(7) Мислењето од став (6) на овој член, до субјектите од ставот (6) на овој член, Комисијата за Охридскиот регион го доставува во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од став (6) на овој член. По исклучок, мислењето може да се издаде и во дополнителен подолг рок доколку е потребно да се комплетира целокупната документација. | На линија на уредувањето во став (3) од истиот член. |
| **Член 16, став (10)** | Член 16 се дополнува со став (10) кој гласи:<br><br>Доколку Комисијата во своето мислење утврди дека предложениот план, проект или интервенција може да има | |

| | | |
|---|---|---|
| | негативно влијание врз исклучителната универзална вредност (ИУВ), интегритетот или автентичноста на природното и културното наследство, постапката за негово донесување или одобрување се запира по сила на закон. Постапката може да продолжи само по доставување позитивно мислење на Комисијата дека исклучителната универзална вредност не е засегната. | |
| **Член 18, став (2) и (3)** | Во сега став (2) и (3) (кои стануваат став 4 и 5) Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид да се замени со Управата за заштита на културното наследство. | Управата е институција од повисок ранг и располага со повисока компетенција. Од струга страна, Заводот до сега се покажал недостоен за функцијата кој му е доделена со закон. Тоа особено беше воочливо со предлог-мислењата кои беа доставувани до Комисијата на разгледување, а експертското советодавно тело во тоа време ги ревидираше со сериозни забелешки за очигледно потфрлање во стручноста. Имено, да не постоеше тој контролен механизам, заводот ќе одобреше изградба на 7-катница на падините на Галичица со тоа што габаритот ќе го прикриваше со зеленило. На таква институција не може да ѝ се додели улогата од член 18 се додека сериозно не се зајакнат капацитетите и се покаже достојна за задачата. |
| **Член 18, став (2), сега став (5)** | Се дополнува и гласи:<br><br>(5)~~(2)~~ На предлог на Министерството за култура и туризам и Министерството за животна средина и просторно планирање, а по претходно мислење на Јавната научна установа Хидробиолошки завод - Охрид и ~~Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид~~ Управата за заштита на културното наследство, Владата на Република Северна Македонија, со уредба ги пропишува проектите и планските документи, вклучувајќи ги и нивните измени за кои задолжително се | Воедно, измените на регулативата поврзана со овој закон мора да се извршат во најкус можен рок. |

| | | |
|---|---|---|
| | спроведува оцена на влијанието од став (1) на овој член во рок од 90 дена од стапувањето во сила на овој закон. | |
| **Член 18, став (3), сега став (6)** | Се дополнува и гласи:<br><br>(6)~~(3)~~ Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за култура и туризам и Министерството за животна средина и просторно планирање, а по претходно мислење на Јавната научна установа Хидробиолошки завод - Охрид и ~~Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид,~~ Управата за заштита на културното наследство, со уредба ги пропишува критериумите врз основа на кои се определува дали еден проект или плански документ може да има значително влијание врз културното и природното наследство на Охридскиот регион во рок од 90 дена од стапувањето во сила на овој закон. | |
| **Член 18, нов став (2)** | Се дополнува со нов став (2) кој гласи:<br><br>(2) Сите проекти, планови и плански документи кои се одобрени пред влегувањето во сила на овој закон, а не се реализирани или се реализирани делумно, подлежат на оцена на влијанието врз наследството согласно овој закон. До завршување на постапката и донесување на конечна одлука врз основа на оцената, нивната реализација се суспендира по сила на закон.<br><br>Сега став (2) станува став (5). | Без опфаќање на веќе одобрени, но нереализирани проекти, законот би овозможил продолжување на активности кои никогаш не биле предмет на оцена на влијанието врз наследството, иако нивната реализација може да има значително и неповратно влијание врз исклучителната универзална вредност (како што се протнаа новите хотели во Парк и Горица).<br><br>Фактот дека одреден проект бил одобрен во минатото не може да создава стекнато право за негова реализација доколку истиот не е започнат или не е завршен, особено кога станува збор за заштита на добро од исклучителен јавен интерес.<br><br>Предложеното решение не воведува автоматска забрана, туку бара проценка на влијанието и стручно мислење, со што се обезбедува рамнотежа меѓу развојните |

| | | |
|---|---|---|
| | | потреби и обврската за заштита на наследството. |
| **Член 18, нов став (3)** | Се дополнува со нов став (3) кој гласи:<br><br>(3) За бесправно изградени објекти во заштитените подрачја и подрачјата под привремена заштита, утврдени согласно Законот за заштита на природата, Законот за заштита на културното наследство, Законот за старото градско јадро и релевантните меѓународни договори, вклучително и Рамсарската конвенција, задолжително се спроведува оцена на влијанието врз наследството, пред донесување на каква било одлука во врска со нивниот понатамошен статус.<br><br>Сега став (3) станува став (6). | Согласно Одлука 43 COM 7B.36 на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО. |
| **Член 18, нов став (4)** | Се дополнува со нов став (4) кој гласи:<br><br>(4) Оцената на влијанието врз наследството од ставовите (1), (2) и (3) на овој член задолжително се доставува до Комисијата, која дава мислење за нејзината прифатливост од аспект на исклучителната универзална вредност. Без позитивно или условно позитивно мислење на Комисијата, постапката за одобрување или продолжување на реализацијата не може да се финализира. | |
| **Член 18, нов став (7)** | Се дополнува со став (7) кој гласи:<br><br>(7) Уредбата од став (5) и уредбата од став (6) на овој член се донесува по пат на јавна расправа. | Неопходно е јавноста и граѓанскиот сектор да учествува во процесот на утврдување, особено со оглед на тоа што уредбите со кои се регулира оцената на влијанието врз животната средина согласно Законот за животна средина се покажаа недоволни за Охридскиот Регион. Низ нашата десетгодишна работа сме препознале случаи каде уредби кои се однесуваат на оцена на влијанието врз светското наследство се покажале неопходни, а нивното отсуство се искористило за штетни |

| | | |
|---|---|---|
| | | проекти да поминат без оцена на влијанието, каков што на пример беше случајот со подводното осветлување на реката Црн Дрим во Струга. |
| **Член 18, нов став (8)** | Се дополнува со нов став, став (8) кој гласи:<br><br>(8) За потребите на оцената на влијанието врз наследство, мониторинг и ефективна заштита, во рок од пет години од стапувањето на сила на овој закон ќе се изработат Црвени листи за сите ендемски видови во Охридскиот Регион и Црвени листи на живеалиштата согласно Директивата на живеалишта на Европската Унија. Црвените листи се ревидираат на секои десет години. | Македонија каска со Црвените листи, а тие се неопходни за утврдување на состојба на загрозеност на популациите и живеалиштата. Во недостиг на правна рамка и надминување на неангажираноста на МЖСПП, овој закон треба да се искористи како спрега за унапредување на состојбите. Во спротивно регулацијата со член 6, став (5) останува про-форма бидејќи тоа што не може да се оцени како загрозено, се третира како незагрозено. (каков што на пример до неодамна беше случајот со *Salmo letnica* и *Salmo ohridanus*). |
| **Член 18, нов став (9)** | Се дополнува со нов став, став (9) кој гласи:<br><br>(9) За видовите и живеалиштата за кои нема Црвени листи или има недостиг на податоци, експерти од соодветната област може да поднесат барање за заштита врз основа на стручно мислење. | Неопходно е да се осигури дека немањето Црвени листи не може да се користи како изговор за понатамошна деградација на ендемските видови и нивните живеалишта кога науката има доволно сознанија за нивниот статус. |
| **VII. НАДЗОР** | Во овој дел потребно е да се воведе клаузула за одземање на надлежностите на општините во случај кога тие во континуитет не постапуваат по укажувањата на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура со што делуваат спротивно на целите на управувањето од член 3 на овој закон и со тоа ја доведуваат во прашања автентичноста и интегритетот на светското наследство. | Бараме во законот да се предвидат правни механизми кои ќе се применат во случај на несоработка на имателите на светското наследство.<br>Глобите не се доволен механизам бидејќи се лимитирани, туку треба да постои и повисока инстанца.<br><br>Во спротивно, наоѓаме дека законот не го адресира еден од суштинските проблеми со кои Охридскиот Регион се соочува во моментов. |
| **Член 21, став (2), алинеа 5** | Се дополнува и гласи:<br><br>- забрани спроведување активности или дејства кои не се во согласност со | Не нужно секоја активност може да биде подредена на мерките на Планот за управување. Од друга страна, Планот за управување може да се покаже недоволен |

| | | |
|---|---|---|
| | Планот за управување и кои имаат или може да имаат штетно влијание врз природното наследство; и | за зачувување на атрибутите на светското наследство и да подлежи на измени што значи не треба да се земе како неприкосновена и совршена рамка.<br><br>И најпосле, Планот за управување е документ без правна сила на закон и за жал, веќе има судски одлуки спротивни на одредбите на Планот за управување. Согласно тоа, подведување на забрана само на активностите гледани низ призмата на Планот за управување, остава голем простор за правно отфрлање на инспекциските мерки и продолжување со деградација на светското наследство. |
| **Член 21, став (1)** | Се дополнува со нова точка која гласи:<br><br>1. Утврди дали одредена активност, проект или план предизвикува штета врз природното наследство во Охридскиот регион. | Дополнувањето е во насока на комплетирање на правната рамка со која ќе се наметне надомест на штета (види член 29 подолу). Имено, суштината на препораките на УНЕСКО е рехабилитацијата и спречувањето на натамошна деградација. Воведувањето на надомест за штета предизвикана врз светското наследство ќе придонесе и во превентивна насока, односно ќе го намали иницирањето на штетни проекти. |
| **Член 22, став (1)** | Се дополнува со нова точка која гласи:<br><br>1. Утврди дали одредена активност, проект или план предизвикува штета врз културното наследство во Охридскиот регион. | Дополнувањето е во насока на комплетирање на правната рамка со која ќе се наметне надомест на штета (види член 29 подолу). Имено, суштината на препораките на УНЕСКО е рехабилитацијата и спречувањето на натамошна деградација. Воведувањето на надомест за штета предизвикана врз светското наследство ќе придонесе и во превентивна насока, односно ќе го намали иницирањето на штетни проекти.<br>Со цел усогласување со формулацијата во член 21, став (2), алинеја 5 |
| **Член 22, став (2), алинеа 5** | Се дополнува и гласи:<br><br>- сопре односно забрани спроведување активности или дејства кои не се во согласност со планот за управување и кои имаат или може да имаат штетно влијание врз природното и културното наследство на Охридскиот регион; | |
| **Член 22, став (2), алинеа 6** | Се дополнува и гласи:<br><br>- запре од извршување акти, вклучително и документи за оцена на | |

| | | |
|---|---|---|
| | влијанието врз ~~животната средина~~ наследството кои не се во согласност со овој закон и планот за управување. | |
| **VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ** **Прекршочни санкции** | Во овој дел мора да се дополни со клаузули за надомест на штета. Имено правните и физички лица треба да подлежат не само на парични казни, туку да се задолжат да ја надоместат настанатата штета. (Види член 29 подолу). | Во претходни верзии на законот, одговорот на предлагачот за неприфаќање на овој предлог кон предлог-законот од 2018 г. гласи: „Предлогот не е прифатен, Правењето на експертиза за направената штета за природното и културното наследство е уредено со прописите за заштита на природата и за заштита на културното наследство.“<br>Законот за заштита на природата и Законот за културно наследство се недоволни бидејќи тие не ја земаат во вид ИУВ и не го третираат светското наследство кое не е прост збир на природно и културно наследство како што тоа го регулираат респективните закони. |
| **Член 23, став (1), точка 5 и 7** | **Точките 5 и 7 се бришат, а проблематиката станува составен дел од член 25.**<br><br>5. не ги земе предвид мислењата и ставовите на Комисијата за Охридскиот регион во актите од членот (9) од овој закон (член 16 став (4));<br><br>7. усвои план, програма, стратегија и/или одлука која се однесува на подрачјето на Охридскиот регион, односно може да влијае врз природното и културното наследство во Охридскиот регион без добиено мислење од Комисијата за Охридскиот регион (член 16 став (6)); | За уредување на проблематиката на непочитување на мислењата и ставовите на Комисијата за Охридскиот регион, да се воведе посебен член (види член 25). Ова е неопходно со оглед на тежината на ваквиот прекршок, кој не може да се третира на иста линија т.е. повлекува слични консеквенции како останатите акти во став (1). Непочитувањето на мислењето на Комисијата реално може да значи дали ќе се изгради уште еден нелегален хотел на брегот на Охридското Езеро или не. |
| **Член 23, став (2)** | Се менува и гласи:<br><br>(2) Глоба во износ од најмалку ~~750 до~~ 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член на одговорното лице во правното лице. | Неприфатливо е службените лица практично да не подлежат на одговорност, (реално 750 евра не може да се смета за казна) за активно придонесување кон можна деградација на ИУВ, кога презеле функција да се грижат токму за нејзина заштита и унапредување. |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 23, нов став (3)** | Се дополнува со нов став (3), а сега став (3) станува став (4) итн.<br><br>(3) Во случај на повторен прекршок, се изрекува и забрана за вршење на јавна функција поврзана со управување со просторно, урбанистичко или проектно планирање во траење од една до три години. | Реперкусиите од непочитување на законот мора да бидат значителни, особено имајќи ја предвид досегашната пракса на недоволно ефективно спроведување на прописите за Охридскиот регион. Доколку инволвираните чинители не трпат реални и персонализирани последици од кршење на законот, не може да се очекува негово доследно почитување. Затоа, воведувањето на временска забрана за вршење на јавна функција при повторен прекршок претставува неопходна, пропорционална и превентивна мерка. |
| **Член 23, став (3), сега став (4)** | Се менува и гласи:<br><br>(4)~~(3)~~ За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е сторен по прв пат и доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците. | Со предложеното дополнување се прецизира дека изрекувањето опомена претставува исклучок, а не правило.<br>Во пракса е забележано често користење на опомената и во случаи на повторени прекршоци. Неврзување на одлуката на инспекторот со бројот на прекршувањата, може практично целосно да го амнестира прекршителот. Тоа ја подрива правната сила и ефективноста на казнените одредби. |
| **Член 23, став (5), сега став (6)** | Се менува и гласи:<br><br>(6)~~(5)~~ За прекршокот од став (1) точки 1 и 2 на овој член, на физичкото лице може да му се изрече опомена во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е сторен по прв пат и доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците. | Со предложеното дополнување се прецизира дека изрекувањето опомена претставува исклучок, а не правило.<br>Во пракса е забележано често користење на опомената и во случаи на повторени прекршоци. Неврзување на одлуката на инспекторот со бројот на прекршувањата, може практично целосно да го амнестира прекршителот. Тоа ја подрива правната сила и ефективноста на казнените одредби. |
| **Член 24, став (1)** | Се менува и гласи:<br><br>(1) Глоба во износ од најмалку 10.000 ~~до 15.000~~ евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако спроведува активности спротивно на планот за управување, | Максимална глоба од 15.000 евра предвидена во предлог-законот е занемарлив износ за големи компании, инвеститори итн. и не претставува соодветна казна. Тој износ е безначајно мал во споредба со размерот на штетата што потенцијално може да биде нанесена |

| | | |
|---|---|---|
| | односно спроведува активности кои може да го доведат или го довеле во опасност природното и културното наследство во Охридскиот регион. | особено врз природното наследство.<br><br>Законот за прекршоци предвидува и трикратно зголемување на глобата, така што утврдување на најмал износ од 10.000 евра е во согласност со истиот. |
| **Член 24, став (1)** | Се менува и гласи:<br><br>(1) Глоба во износ од најмалку 10.000 ~~до 15.000~~ евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако спроведува активности спротивно на планот за управување, не делува или презема дејствие кое резултира или може да резултира во деградација на исклучителната универзална вредност на природното и/или културното наследство во Охридскиот Регион или ~~односно~~ спроведува активности кои може да го доведат или го довеле во опасност природното и културното наследство во Охридскиот Регион или | Одговорноста за предизвикување штета не смее да се редуцира само на последици од големи размери како што е доведувањето на светското наследство во опасност. (дефинирано со член 5, точка 7 на овој закон). |
| **Член 24, став (3)** | Се дополнува со нов став (3), сега став (3) станува став (4) итн.<br><br>(3) Во случај на повторен прекршок, се изрекува и забрана за вршење на јавна функција поврзана со управување со просторно, урбанистичко или проектно планирање во траење од една до три години. | Образложението исто како и кај член 23, нов став (3). |
| **Член 24, став (4), сега став (5)** | Се менува и гласи:<br><br>(5)~~(4)~~ Глоба во износ од најмалку 5.000 ~~300 до 750~~ евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член на физичкото лице, вклучително и финансиери, инвеститори, изработувачи на проекти, туроператори, градежни фирми, експерти за оцена на влијанието врз животната средина итн. ако спроведува активности спротивно на | 1. Неприфатливо е физичките лица да практично да не подлежат на одговорност, реално 750 евра не може да се смета за казна за „активности кои може да го доведат или го довеле во опасност природното и културното наследство во Охридскиот регион.“<br><br>2. Јасно е дека дел од наведените се правни лица. Но, според сегашното разбирање, се смета дека само државните или локалните органи се одговорни за |

| | | |
|---|---|---|
| | планот за управување, односно спроведува активности кои може да го доведат или го довеле во опасност природното и културното наследство во Охридскиот регион. | светското наследство, а не и оние кои иницираат и туркаат штетни проекти или пак истите ги потпомагаат. Експлицитното наведување на засегнати чинители ќе придонесе за подобро разбирање кај предлагачите и носители на проекти за консеквенциите од нивното делување. Експертите за животна средина кои неретко работат во спрега со инвеститорите и во услови кога МЖСПП не го проверува квалитетот на оцената, мора да преземат одговорност за резултатот на својата работа. Санкциите кои директно ги засегаат овие чинители ќе делуваат како коректив уште пред потенцијално штетни проекти да го видат светлото на денот, наместо товарот за тоа да паѓа на општините и Советот, што воедно може да иницира притисоци и коруптивни дејствија. |
| **Член 24, став (5), сега став (6)** | Се дополнува и гласи:<br><br>(6)~~(5)~~ За прекршокот од став (1) на овој член, на физичкото лице може да му се изрече опомена во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е сторен по прв пат и доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците. | Со предложеното дополнување се прецизира дека изрекувањето опомена претставува исклучок, а не правило.<br>Во пракса е забележано често користење на опомената и во случаи на повторени прекршоци. Неврзување на одлуката на инспекторот со бројот на прекршувањата, може практично целосно да го амнестира прекршителот. Тоа ја подрива правната сила и ефективноста на казнените одредби. |
| **Член 25** | Законот се дополнува со нов член 25 кој гласи:<br><br>Член 25<br>(1) Глоба во износ од најмалку 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, доколку донесе, спроведе или овозможи спроведување на одлука, дозвола, согласност, план, програма, проект или стратегија спротивно на негативното мислење на Комисијата, доколку продолжи со постапка или реализација и покрај настанатото | Непостапување по мислењето на Комисијата |

| | | |
|---|---|---|
| | суспензивно дејство согласно овој закон или без добиено позитивно мислење од Комисијата.<br>(2) Глоба во износ од најмалку 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член на одговорното лице во правното лице, доколку донело, учествувало во донесување или овозможило спроведување на акт или дејствие спротивно на негативно мислење на Комисијата, спротивно на суспензивното дејство или без добиено позитивно мислење од Комисијата.<br>(3) Во случај на повторен прекршок, на одговорното лице во правното лице се изрекува и забрана за вршење на јавна функција поврзана со управување со просторно, урбанистичко или проектно планирање во траење од една до три години.<br>(4) За прекршокот од став (1) на овој член, на правното лице може да му се изрече опомена, во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е отстранет без одлагање и не настанале последици по природното и културното наследство, доколку прекршокот е сторен по прв пат и доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците.<br>(5) Глоба во износ од најмалку 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член на физичкото лице, доколку постапувало како носител на активност, инвеститор или изведувач спротивно на негативно мислење на Комисијата, спротивно на суспензивното дејство или без добиено позитивно мислење од Комисијата.<br>(6) За прекршокот од став (1) на овој член, на физичкото лице може да му се изрече опомена во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е сторен по прв пат и | |

| | | |
|---|---|---|
| | доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците. | |
| **Член 26** | Законот се дополнува со нов член 26 кој гласи:<br><br>(1) Глоба во износ од најмалку 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, доколку не постапи целосно по мислењето и препораките на Комисијата согласно член 16, став (4) од овој закон.<br>(2) Глоба во износ од најмалку 1.500 евра ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од став (1) на овој член.<br>(3) Во случај на повторен прекршок, на одговорното лице во правното лице се изрекува и забрана за вршење на јавна функција поврзана со управување со просторно, урбанистичко или проектно планирање во траење од една до три години.<br>(4) За прекршокот од став (1) на овој член, на правното лице може да му се изрече опомена, во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е отстранет без одлагање и не настанале последици по природното и културното наследство, доколку прекршокот е сторен по прв пат и доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците.<br>(5) Глоба во износ од најмалку 5.000 евра ќе му се изрече на физичкото лице, доколку постапувало како носител на активност, инвеститор или изведувач кое како инвеститор, носител на активност или изведувач не постапило целосно по мислењето на Комисијата.<br>(6) За прекршокот од став (1) на овој член, на физичкото лице може да му се изрече опомена во согласност со Законот за прекршоците, доколку прекршокот е сторен по прв пат и | |

ОХРИД SOS

| | | |
|---|---|---|
| | доколку се исполнети останатите услови од Законот за прекршоците.<br><br>Сега членовите 25 и 26 стануваат 27 и 28. | |
| **Член 29** | Законот се дополнува со член 29 кој гласи:<br><br>Член 29<br>(1) Доколку со спроведување на активности, планови или проекти во Охридскиот регион настане штета врз природното и/или културното наследство, вклучително и врз атрибутите што ја сочинуваат исклучителната универзална вредност на светското наследство, сторителот е должен да ја надомести настанатата штета.<br>(2) Надоместот од ставот (1) на овој член, се состои во обврска за санација и враќање на состојбата во првобитна или функционално еквивалентна состојба, во согласност со стручни насоки и одлука на Комисијата .<br>(3) Доколку санацијата од ставот (2) на овој член не е можна или не може целосно да ја отстрани штетата, сторителот е должен да обезбеди соодветен финансиски надомест.<br>(4) Владата формира стручна комисија составена од независни експерти од областа на природното и културното наследство, животната средина, просторното планирање и економската процена, која врши проценка на висината на финансискиот надомест од став (3) и го утврдува начинот, обемот и роковите за спроведување на санацијата. Врз основа на оценката од комисијата, Министерството за култура, како надлежен орган, донесува обврзувачко решение со кое сторителот е должен да го исплати надоместот и да ги спроведе мерките за санација, при што мислењето на комисијата е составен | Предложениот амандман воспоставува јасен механизам за одговорност во случаи кога, и покрај постоечките заштитни механизми, ќе настане штета по природното и културното наследство. Со тоа се надминува сегашната состојба во која законот предвидува санкции, но не и обврска за отстранување на последиците од штетното дејствување.<br><br>**Напомена:** Износот на надомест на штета не смее да го утврдува Комисијата, туку треба формално да се утврдува со управен акт од надлежен орган. |

| | | |
|---|---|---|
| | дел од постапката и го обезбедува техничкото основание за одлуката.<br>(5) Надлежниот орган е должен да ја заврши постапката за утврдување на финансиски надомест во рок од 60 дена од приемот на иницијативата од инспекторот или Комисијата за Охридскиот регион.<br>(6) Средствата прибрани по основ на финансиски надомест од ставот (3) се наменски средства и можат да се користат исклучиво за:<br>- санација, рехабилитација или реставрација на штетите врз природното и културното наследство во Охридскиот регион;<br>- спроведување на мерки за заштита утврдени со Планот за управување и Планот за рехабилитација;<br>- научни, мониторинг и стручни активности поврзани со зачувување на исклучителната универзална вредност.<br>(7) Средствата од ставот (3) на овој член не можат да се користат за други намени, ниту да бидат пренасочени во општиот Буџет, освен за целите утврдени со овој закон.<br>(8) Обврската за надомест и санација од овој член се применува независно од прекршочната, управната или кривичната одговорност утврдена со овој или друг закон. | |
| **IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ (1)** | Да се дополнат со член кој гласи:<br><br>Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. | Неопходно е сите акти кои произлегуваат од овој закон да се донесат што поскоро со цел ефективно спроведување на истиот. |
| **IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ (2)** | Усогласувањето на законската регулатива која го засега светското наследство со Планот за управување ќе се изврши во рок од шест месеци од донесувањето на овој закон. | Иако ова беше предвидена мерка уште во Акцискиот план кон Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020), таа сè уште не е спроведена, а е неопходна. Усогласувањето на легислативата е веќе задоцнето и носи штетни последици по |

| | | |
|---|---|---|
| | | светското наследство на Охридскиот Регион – тоа може да се смета како еден од главните фактори за потфрлањето на државата одговорно да се справи со состојбата на континуирана и сега веќе забрзана деградација на светското наследство. Имено, Планот за управување има недоволна правна сила и како таков е подреден на законите кои сè уште содржат клаузули во корист на несоодветна урбанизација на регионот. Има веќе најмалку две судски одлуки кои го отфрлаат Планот за управување во корист на урбанизацијата. |
| **Дополнително (1)** | Овој закон треба **да утврди насоки за следење на состојбата на светското наследство**, да се утврдат критериуми, мерила, одговорност итн. и да се дадат насоки на институциите за следење на состојбите.<br><br>Имено, утврдување на состојбата со светското наследство е макотрпен и комплексен процес. Податоците пак кои се потребни за добивање на тие сознанија, не секогаш се на располагање на институциите. Поради тоа, треба да се изработи прирачник кој ќе даде јасни насоки за следење на состојбите, ќе утврди какви мерења се потребни и кој ќе овозможи лесно компајлирање на податоците. Напоменуваме дека податоците кои се собираат или институциите треба да ги имаат се недоволни за следење на состојбата на природното наследство, особено Охридското Езеро кое рапидно старее под удар на антропогениот притисок. Така што, потребно е собирање на податоци и информации, анализи кои ќе дадат сознанија за екосистемот на Езерото, ризиците и трендот на еутрофикација, состојбата на популациите на ендемски видови, мерење на екосистемските промени на сите водни нивоа, факторот климатски ризик итн. | |
| **Дополнително (2)** | Како ќе се оценува степенот на опасност по светското наследство? Како ќе се проценува причинетата или потенцијалната штета по светското наследство? Со каков документ тоа ќе биде уредено?<br><br>Напоменуваме дека со овој закон **неопходно е сеопфатно обмислување на проблематиката на светско наследство** и да не се остави празен простор за манипулација. Непрецизирање на утврдувањето на опасноста и штетата по ИУВ на светското наследство, ќе го остави овој закон на произволно толкување и ќе го направи бескорисен. | |
| **Дополнително (3)** | Кои мерки ќе се преземат за да се обучат инспекторите во надлежните инспекторати (УЗКН и ДИЖС) за спроведување надзор по *Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион*? **Овој закон е неопходно да предвиди и обука на инспекциските служби во насока на примена на истиот.**<br><br>Имено, до 2023 година, Инспекторатот при УЗКН немаше ниту едно постапување по | |

| | |
|---|---|
| | *Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион* (75/2010). ДИЖС имаше две постапувања поради неистакнување на амблемот на УНЕСКО од страна на Општина Охрид, односно немаше ниту едно постапување кое го засега природното наследство. Тоа укажува на сериозно непознавање на материјата која овие инспекторати се задолжени да ја покриваат. Со оглед на изјавата на претставникот на МЖСПП на јавната консултација, дека од аспект на министерството, природно наследство во Охридскиот Регион се само НП Галичица, Охридско Езеро и Студенчишко Блато, евидентно е дека постои круцијален дефицит на знаење и спремност кај надлежните за имплементација на овој закон.<br>Со ваквата поставеност, постои сериозен ризик, овој закон реално да нема никаков механизам за имплементација доколку имателите на доброто тоа не го сакаат, а надзорот е непостоечки или некомпетентен. |
| **Дополнително (4)** | Иако *Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион* го зема предвид **планот за рехабилитација на природното и културното наследство**, истиот не го уредува на нормативен начин. Отсуството на јасна правна рамка за ваквите стратегии создава ризик од нивна неефективна примена и недоволна институционална одговорност. Затоа, неопходно е со овој закон да се воспостават јасни правила за донесување, спроведување и надзор над плановите за рехабилитација, како и да се утврдат надлежна институција, механизми на отчетност и систем на одговорност за нивната реализација. |
| **Дополнително (5)** | *Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион* треба да се дополни со член со кој ќе се предвиди **соработката во Република Албанија** како имател на Светското наследство на Охридскиот Регион. Во него треба да се регулира и начинот на соработката, задолженија од македонска страна во однос на редовна размена на информации и податоци меѓу државите во однос на мониторирањето на светското наследство и јасно утврден начин на соработка во однос на неговата заштита и управување за што треба да има законски задолжено тело. Сегашната соработка е нерегулирана и е препуштена на спорадични средби на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија (напоменуваме дека сливот е различно подрачје од светското наследство). Во предлог-законот на две места се спомнува Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, но неговата работа, овластувања итн. никаде не се регулира. Напоменуваме дека препораките и извештаите на Центарот за светско наследство и советодавните тела постојано укажуваат на потребата од зајакнување на координацијата и прекуграничната соработка, што е неможно без поголема правна регулација и утврдување на надлежностите од македонска страна. |